РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 14-8614/4
[illegible] -06- 2015 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 26, член 35 став 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14), министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

### за почеток со работа на Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар, единиците во нејзин состав и студиските програми од прв и втор циклус на студии

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за работа на приватната високообразовна установа приватната високообразовна установа Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар, односно на единиците во нејзин состав: Факултет за информатика и на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии и втор циклус на едногодишни студии по Информатика на Факултет за информатика; Правен факултет и на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии и втор циклус на едногодишни студии по Правни науки на Правен факултет; Економски факултет и на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Економија и на втор циклус на едногодишни студии по МБА менаџмент на Економски факултет; Архитектонски факултет и на студиските програми од прв циклус на тригодишни студии и втор циклус на двегодишни студии по Архитектура и дизајн на Архитектонски факултет; Факултет за општествени науки, и на студиските програми од прв циклус на тригодишни студии и втор циклус на двегодишни студии по Психолошко советување и усмерување на Факултет за општествени науки.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр.15-98/7 од 24.10.2014 година за акредитација на Факултет за информатика како единица во состав на новата високообразовна установа Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар; Решение бр.15-98/8 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по Информатика, прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за информатика, Решение бр.15-98/9 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по Информатика, втор циклус на едногодишни студии на Факултет за информатика, Решение бр.15-98/19 од 24.10.2014 година за акредитација на Правен факултет како единица во состав на новата високообразовна установа Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар; Решение бр.15-98/20 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по Правни науки, прв циклус на четиригодишни студии на Правен факултет, Решение бр.15-98/21 од 24.10.2014 [illegible] студиска програма по Правни науки, втор циклус на

ногодишни студии на Правен факултет, Решение бр.15-98/13 од 24.10.2014 година за акредитација на Економски факултет како единица во состав на новата високообразовна установа Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар; Решение бр.15-98/14 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по Економија, прв циклус на четиригодишни студии на Економски факултет, Решение бр.15-98/15 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по МБА менаџмент, втор циклус на едногодишни студии на Економски факултет, Решение бр.15-98/10 од 24.10.2014 година за акредитација на Архитектонски факултет како единица во состав на новата високообразовна установа Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар; Решение бр.15-98/11 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по Архитектура и дизајн, прв циклус на тригодишни студии на Архитектонски факултет, Решение бр.15-98/12 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по Архитектура и дизајн, втор циклус на двегодишни студии на Архитектонски факултет, Решение бр.15-98/16 од 24.10.2014 година за акредитација на Факултет за општествени науки како единица во состав на новата високообразовна установа Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар; Решение бр.15-98/17 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по Психолошко советување и усмерување, прв циклус на тригодишни студии на Факултет за општествени науки, Решение бр.15-98/18 од 24.10.2014 година за акредитација на нова студиска програма по Психолошко советување и усмерување, втор циклус на едногодишни студии на Факултет за општествени науки, Приватната високообразовна установа Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар се обрати со барање барање под нивен број 02-013/15 од 23.03.2015 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 14-8614/1 од 16.04.2015 година, за утврдување на исполнетоста на условите за работа на Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар, единиците во нејзин состав и студиските програми од прв и втор циклус на студии.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 14-8614/2 од 16.04. 2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар, единиците во нејзин состав и студиските програми од прв и втор циклус на студии.

Комисијата на ден 01.06.2015 година, изврши увид и изготви Извештај бр.14-8614/3 од 05.06.2015 година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на Меѓународен Универзитет Визион во Гостивар, единиците во нејзин состав и студиските програми од прв и втор циклус на студии, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примач
- Архива
изработил: Билјана Ивковска
контролирал: Марика Парцанова